ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02 - 1134/12
19. 05 20 21 год.
СКОПЈЕ

# "МАКЕДОНИЈАТУРИСТ"АД СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 и член 114 од Статутот на "Македонијатурист" АД Скопје, а во согласност со Член 22 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје, на ден 19.05.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

за измена на Статутот
на Хотелско угостителското акционерско друштво
МАКЕДОНИЈАТУРИСТ – Скопје

### Член 1

Членот 108 од Статутот се менува и истиот во пречистен текст гласи:

"Секоја голема зделка која што се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, мора да биде одобрена од Надзорниот одбор, со одлука којашто се донесува со согласност на сите членови на Надзорниот одбор.
Ако не се постигне согласност од ставот 1 на овој член за одобрување на голема зделка, Надзорниот одбор може да одлучи големата зделка за којашто треба да се донесе одлука да ја поднесе на одобрување на Собранието. Одлуката, Собранието ја донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на Собранието со право на глас.
Секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото мора да биде одобрена од Собранието со одлука којашто се донесува со мнозинство гласови коешто неможе да изнесува под две третини од акциите со право на глас претстевни на Собранието.
Надзорниот одбор на Собранието му поднесува писмено известување за големата зделка, во кое што наведува дека Собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и негова препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.
Во случај ако за остварувањето на големата зделка член на Управниот одбор или Надзорниот одбор има личен интерес, односно е заинтересирана страна за нејзиното одобрување, се применуваат одредбите од законот и овој статут што се однесуваат на зделки на заинтересирана страна.
Голема зделка, извршена спротивно на одредбите на овој член е ништовна."



*Изработил: Мартин Мијовски, правник*

Во Член 110 ставовите 1, 2 и 3 од Статутот, се менуваат и истите во пречистен текст гласат:

"Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на Надзорниот одбор или на Собранието, на начинот и според постапката определена во овој член и во Законот за трговските друштва.

Пред донесување на Одлука за одобрување на зделка со заинтересираната страна донесена од надлежен орган на акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза покрај одредбите од членот 460 од Законот за трговските друштва доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативна вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите согласно закон.

Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на Надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на Надзорниот одбор определен во овој Статут, таквата зделка ја одобрува Собранието."

**Член 2**

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да изготви пречистен текст на Статутот во кој што ќе ги внесе измените и дополнувањата извршени со оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание,

______________________



*Изработил: Мартин Мијовски, правник*